Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETEQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 04-817/13
07-04-2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Државниот секретар во Министерството за локална самоуправа, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник во Министерството за локална самоуоправа**

**1**. За извршител на работното место **Советник за правни работи,** со звање Советник и шифра на работно место УПР 01 01 В01 000, се избира кандидатот **Бесиме Абдији**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Министерството за локална самоуправа.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 18-3603/2 од 17.03.2023 година, државниот секретар упати барање со архивски број 04-817/3 од 22.03.2023 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на пет административни службеници во Министерството за локална самоуправа. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 01/2023 година за унапредување на 5 (пет) административни службеници во Министерството за локална самоуправа, објавен на ден 27.03.2023 година и на веб страниците на Министерството за локална самоуправа и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисијата за унапредување на административни службеници, формирани од страна на државниот секретар со Решение бр. 04-817/5 од 05.04.2023 година, спроведе административна селекција и одржаа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за локална самоуправа. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција број 04-817/9 од 06.04.2023 година, за интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, Записник за унапредување на 1 (еден) административен службеник заради спроведување на интервју по интерен оглас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник, број 04-817/10 од 06.04.2023 година и изготвни Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рагнираниот кандидат за интерен голас број 01/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник број 04-817/11 од 06.04.2023 година. Врз основа на ранг листата, државниот секретар во Министерството за локална самоуправа донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивиот на оваа одлука.


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот од точка 1 на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука каднидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Министерството.

Државен Секретар
Кирил Парталов

Доставено до:
- Кандидатите;
-Одделение за управување со човечки ресурси
- архива


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk